

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА за

## РАЗВОЈ НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2025 г.

Јакнење на капацитетите
на пенитенцијарниот систем
и на надворешниот механизам
за контрола на полицијата
во Северна Македонија
Horizontal Facility за Западен Балкан
и Турција 2019-2022

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2025 Г.

Јакнење на капацитетите
на пенитенцијарниот систем и
на надворешниот механизам
за контрола на полицијата
во Северна Македонија
Horizontal Facility
за Западен Балкан
и Турција 2019-2022

Оваа Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025) е изработена со средства од заедничката програма на Европската Унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде нужно не го одразуваат официјалното мислење на било која од страните.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот.

Дизајн: Polyesterday

Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Генерален директорат за човекови права и владеење на право / Одделение за кривично-правна соработка. Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00 23; E-mail: Horizontal.Facility@coe.int

© Совет на Европа, октомври, 2021 год. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

# Содржина


Кратенки 4

Вовед 5

Визија и мисија 6

Постојна законска рамка 6

Организациска поставеност на УИС 7

Тековна организациска структура на пенитенцијарниот систем 8

Раководење и надлежност на УИС и на пенитенцијарните установи 9

Анализа на силните и слабите страни на пенитенцијарниот систем 10

Предуслови за спроведување на акцискиот план 11

Следење и оценка на спроведување на активностите предвидени со стратегијата 14

Стратешки цели, резултати и активности 15

# Кратенки

| | |
|---|---|
| **АЗЛП** | Агенција за заштита на лични податоци |
| **ВПД** | Воспитно-поправен дом |
| **ВПУ** | Воспитно-поправна установа |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **ДСЗИ** | Државен санитарен и здравствен инспекторат |
| **ЗИС** | Закон за извршување на санкциите |
| **ИЈЗ** | Институт за јавно здравје |
| **КПД** | Казнено-поправен дом |
| **КПТ** | Европски комитет за превенција на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување |
| **КПУ** | Казнено-поправна установа |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **НВО** | Невладина организација |
| **РГ** | Работна група |
| **СОП** | Стандардни оперативни процедури |
| **УИС** | Управа за извршување на санкциите |
| **УЈП** | Управа за јавни приходи |
| **ФЗО** | Фонд за здравствено осигурување |

# Вовед

***„Се чини невозможно додека не го направиш“***

**Нелсон Мандела**

Реформата на пенитенцијарниот систем ги опфаќа активностите за нејзино приближување до европските стандарди кои значат унапредување и хуманизирање на системот за извршување на санкциите. Во тие рамки особено е важна правилна практична имплементација на законската и подзаконската регулатива со која е опфатено извршувањето на санкциите, подобрување на условите за престој на лицата лишени од слобода во пенитенцијарните установи, но и јакнење на капацитетот и професионалноста на вработениот персонал, како и зајакнат надзор над работењето на пенитенцијарните установи.

Ресоцијализацијата како една од главните цели на извршувањето на санкциите, заедно со реинтеграцијата и социјалната адаптација, како и со успешниот пост-пенален третман се клучните фактори за намалување на повторништвото кај лицата што издржале казна затвор. Продолжува процесот на унапредување на пробациската служба и практична имплементација на Законот за пробација.

Значителен е придонесот на Европскиот комитет за превенција од тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КПТ) во насока на идентификување на прашањата и областите, каде што е неопходно да се предвидат дополнителни мерки и да се преземат активности за надминување на констатациите на КПТ.

Информации и податоци за функционирањето на пенитенцијарниот систем се содржани во повеќе извештаи како од домашни, така и од меѓународни институции и организации, како што се: годишните извештаи на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето во КПУ и ВПУ, годишните извештаи на Народниот правобранител, извештаите од реализирани редовни и вонредни (ad hoc) посети на КПТ, извештаи од мисии за оценување, како и други меѓународни тела и организации од кои се добива објективна и сеопфатна слика за начинот на кој функционира затворскиот систем во државата, со идентификување на областите на коишто мора да им се обрне посебно внимание.

# Визија и мисија

## ВИЗИЈА

**Визија:** Унапредување на пенитенцијарниот систем согласно највисоките европски стандарди за извршување санкции и алтернативни мерки

## МИСИЈА

**Мисија**: Современ пенитенцијарен систем каде што со лицата лишени од слобода се постапува во безбедна средина, со почит и достоинство, истовремено им се обезбедува образование и стручна обука, имаат поддршка за личен развој, конструктивно го користат слободното време и имаат поддршка за пост-пенален прифат во општеството.

## ПОСТОЈНА ЗАКОНСКА РАМКА

Законската рамка врз која се заснова пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (РСМ) е содржана во Законот за извршување на санкциите, Службен весник на РСМ, бр. 99/2019, 220/19 (во натамошниот текст: ЗИС).

Потребата за донесување на ЗИС во 2019 година се наметна поради поголемиот број измени што го претрпе претходниот закон (донесен во 2006 година, а менуван и дополнуван повеќе пати) и промените во меѓународните стандарди во однос на затворските правила. Донесувањето на нов Закон за извршување на санкциите е во согласност со определбата прифатена во Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-19) и Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година. Неговото донесување се должи на напорот за обезбедување ефикасен пенитенцијарен систем со професионален пристап во организирање и надзор над работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи, а со цел подобрување на клучните области на функционирање на пенитенцијарниот систем и исполнување и почитување на највисоките европски и меѓународни стандарди во оваа област.

Едно од основните начела на ЗИС е почитување на човековата личност и достоинството на лицата спрема кои се извршуваат санкциите, како и грижа за зачувување на нивното телесно и душевно здравје. Санкциите се извршуваат без дискриминација по било која основа - раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус.

Во оваа смисла, ЗИС може да се оцени како сеопфатен системски закон што во целост го регулира извршувањето на санкциите и во однос на возраста на лицето што му се изрекува санкција, според кривичното дело, според видовите на санкциите, како и положбата, правата и обврските на затворската полиција.

Новиот закон е израз на настојувањето за постојано надградување и унапредување на националниот пенитенцијарен систем, негово модернизирање и хуманизирање со цел остварување на целите на казнување и одвраќање на осудените лица од рецидивизам.

Донесувањето на ЗИС се наметна како потреба и со цел за доближување на пенитенцијарниот систем со новелираните европски и меѓународни стандарди и начела, заради заштита и остварувањето на загарантираните слободи и права на осуденото лице и на детето во судир со законот, и тоа како во однос на извршување санкции за сторени кривични дела, така и во однос на изречени прекршочни санкции. ЗИС направи чекор поблиску до Европските затворски правила, и со Стандардните минимални правила на ООН

за третман на осудените лица *(United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Mandela Rules)*[1] кои се прифатени како добри принципи и практики во третманот на осудените лица и управувањето со затворите. Согласно овие Правила, целите на казната затвор или слични мерки што се состојат во лишување од слобода се насочени кон заштита на општеството од криминал и намалување на рецидивизмот.

Во ист контекст е и залагањето изразено во Резолуцијата на Европскиот парламент од 2017 година[2], каде што се укажува дека покрај пунитивниот аспект на казната затвор, внимание треба да се посвети и на развој на практични вештини/занимања и рехабилитација на осудените лица, со цел да се овозможи успех во социјалната реинтеграција и намалување на рецидивизмот.

Во ЗИС е опфатен заштитниот надворешен механизам од прекумерна употреба на сила и средства на присилба од страна на затворската полиција, според кој Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се известува веднаш за сите кривични дела извршени од страна на припадниците на затворската полиција, а сторени при вршењето на службената должност, како и за кривични дела извршени од страна на припадниците на затворската полиција надвор во вршењето на службата со употреба на сила или средства на присилба, при што како последица настапила смрт, тешка телесна повреда или телесна повреда, доколку со закон е предвидено гонење по службена должност.

Реформата на пенитенцијарниот систем има за цел воспоставување на силен и транспарентен механизам за ефикасно и професионално управување со КПУ и ВПУ. Заради остварување на оваа цел, со ЗИС се предвидува специфично работно искуство како предуслов за именување на директорот на УИС и директорите на пенитенцијарните установи, како и хиерархиска поставеност во системот, односно директорот на УИС дава предлог до Владата за именување и разрешување на директори и заменик директори на КПУ и ВПУ. Редефинирани се одредбите кои се однесуваат на припадниците на затворската полиција во однос на вработувањето, унапредувањето, мобилноста и оценувањето на припадниците на затворската полиција и подобрување на нивниот статус.

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА УИС

УИС е орган во состав на Министерството за правда со својство на правно лице. Согласно Правилникот[3] за внатрешна организација на УИС, со цел ефикасно извршување на законските надлежности, во состав на Управата се следните организациони облици:

1. Сектор за нормативно-правни, општи и управни работи (Одделение за нормативно-правни работи и Одделение за општи и управни работи);
2. Сектор за безбедност, третман и обука на кадри во КПУ и ВПУ (Одделение за безбедност и третман на осудени и малолетни лица во КПУ и ВПУ и Одделение за обука на кадри во КПУ и ВПУ);
3. Сектор за пробација (Одделение за надзор над извршување на пробациските работи, Одделение за електронски надзор и 11 (единаесет) Одделенија за надзор над извршувањето на пробациските работи на подрачјето на основните судови со проширена надлежност на локалното ниво);
4. Сектор за финансиски прашања (Одделение за буџетска координација и буџетска контрола и Одделение за сметководство и плаќање);
5. Самостојно одделение за внатрешна ревизија.

1. E/CN.15/2015/L.6/Rev.1
2. European Parliament resolution of 5 October 2017 on prison systems and conditions 2015/2062(INI)
3. бр. 01-4892/1 од 12.10.2018 година

# ТЕКОВНА ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ

Вкупниот персонал во затворската управа во декември 2020 год. изнесува 934 лица, од кои 706 се припадници на затворска полиција (од кои 42 се жени, а 664 се мажи)  и 228 државни службеници (од кои 119 се жени, а 109 мажи), при што со секоја КПУ и ВПУ раководи директор. Во Управата за извршување на санкциите има вкупно вработено 53 лица.

Вкупниот број на затворска популација изнесува 2244 лица, од кои 217 се притворени лица, додека останатите осудени лица казната затвор ја издржуваат на следниот начин:

- во установа од затворен вид (КПД Идризово; КПД Штип и КПД Прилеп) вкупно 1511 осудени лица;
- во установа од полуотворен вид (затвори) вкупно 487 осудени лица;
- во установа од отворен вид (КПД Струга) 29 осудени лица;
- 48 осудени жени од кои 40 осудени на издржување казна затвор и 8 во притвор;
- деца во КПУ Затвор Охрид -4 лица и во ВПД Тетово 13 деца.



Согласно Правилникот за систематизија на работните места во Управата за извршување на санкциите од 12.10.2018 година, утврдени и опишани се 131 работни места распоредени во наведените организациони единици.

Во текот на 2020 година во УИС е спроведена функционална анализа и имајќи ги во предвид резултатите од анализата се предлага следново:

- нова внатрешната организација, со цел зголемување на функционалноста во насока на поефикасно и поефективно остварување на основната цел и визија на УИС;
- изготвување нов акт за систематизација на работни места на УИС, кој ќе биде усогласен со предложената внатрешната организација на Управата;
- се предвидуваат две нови самостојни одделенија и тоа: Одделение за управување со човечки ресурси и Одделение за спроведување на јавни набавки;
- во Секторот за безбедност, третман и обука на кадри во КПУ и ВПУ наместо две одделенија се предлагаат три одделенија на начин што Одделението за безбедност и третман на осудени и малолетни лица во КПУ и ВПУ се дели на две посебни одделенија и тоа: Одделение за вршење на стручен надзор над безбедноста во КПУ и ВПУ, како и Одделение за вршење на стручен надзор над третман во КПУ и ВПУ;
- се додаваат четири нови пробациски канцеларии во Секторот за пробација, а Проектната единица односно Единицата за имплементирање на проектот "Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија" да внесе во актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на УИС;
- се зголемува бројот на систематизирани места во секторите каде има неопходна потреба.

## РАКОВОДЕЊЕ И НАДЛЕЖНОСТ НА УИС И НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИТЕ УСТАНОВИ

Согласно надлежноста на УИС и нејзината улога во системот на извршување на санкциите со новите одредби во ЗИС, прифатени се зајакнати професионални услови што мора да ги исполнува Директорот на УИС. Во овој контекст, наместо најмалку пет години работно искуство, кандидатот за директор мора да има најмалку 10 годишно работно искуство, од кои пет години во областа на извршувањето на санкциите или сродни работи.

Начелната определба дека работите на извршувањето на санкциите се во надлежност на УИС е разработена преку детално пропишана надлежност на директорот на УИС, во рамките на којашто особено се важни аспектите поврзани со обезбедувањето постојано спроведување на меѓународните стандарди и нормативи во преземањето на мерките и активностите во извршувањето на санкциите и мерката притвор; донесување Стратешки планови и програми за работењето на УИС; организирање и следење на извршувањето на санкциите и пробациските работи; како и вршење распределба на финансиските средства од Буџетот на РСМ по единки корисници (КПУ и ВПУ).

Со ЗИС зајакната е надзорната функција на УИС над работењето на КПУ/ВПУ. Стручниот надзор од УИС опфаќа надзор на условите и положбата на осудените и притворените лица и на децата во ВПУ, третманот на осудените лица, со посебен акцент врз заштита и почитување на човековата личност и достоинство, како и превенција од тортура и нехумано постапување во КПУ и ВПУ. Имено, воведена е законска обврска за надлежноста и почитување на наредбата што Директорот на УИС ја носи во случај на утврдени неправилности во текот на вршење на стручниот надзор. За непочитување на наредбата за отстранување на неправилностите констатирани во записник за стручен надзор, Директорот на УИС поднесува предлог до Владата на РСМ за разрешување на директорот на соодветната пенитенцијарна установа којшто не постапил по наредбата.

Зајакнувањето на професионализмот во раководната структура во установите се надоврзува на истиот приод во однос на директорот на УИС. Во оваа смисла, наместо претходно пропишаниот услов за директор на КПУ и ВПУ, во однос на искуството, кога доволни беа пет години вкупен стаж, сега се бараат најмалку седум години вкупно работно искуство, од кои четири години во областа на извршувањето на санкциите или сродни работи.

# АНАЛИЗА НА СИЛНИТЕ И СЛАБИТЕ СТРАНИ НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ

**Силни страни:**

- Претходната Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019) понуди заедничка платформа за унапредување на пенитенцијарниот систем
- Подобрената законска рамка и подготвеноста за хармонизирање со стандардите на ЕУ
- Затворскиот систем има стекнато значајно искуство и знаење од меѓународни проектни активности, вклучително и од експертизата и поддршката на Советот на Европа, како и други меѓународни организации
- Во текот на претходниот стратегиски период зајакнати се пробациските капацитети, реализирани се низа програми и изготвени се повеќе прирачници и стандардни оперативни протоколи
- Затворскиот систем е релативно флексибилен и може брзо да се приспособи на нови феномени
- Стекнато знаење за повеќе пенитенцијарни теми (на пр. динамична безбедност, кодекс на однесување, постапување со посебни групи итн.)
- Подобрени материјални услови во затворите, како и статусот на вработените во КПУ/ВПУ
- Дефинирана законска рамка со стратегиски пристап, преку два државни документи за спречување насилен екстремизам, како и за борба против тероризам
- Воведено мрежно поврзување на КПУ/ВПУ со УИС
- Персоналот е обучен за различни специјализирани програми

**Слаби страни**:

- Не се спроведува Стратегијата за обука и нема системско споделување на добиените знаења
- Неконзистентно почитување на ЗИС при именување на директори и заменици
- Недоволната кадровска екипираност на секое ниво во УИС, КПУ/ВПУ
- Здравствената заштита општо земено, како и загрижувачки нискиот број здравствен персонал
- Здравствената заштита и долгорочното решение за лекување зависници од дрога
- Недоволната соработка со другите институции (министерства, образовни установи, граѓански организации) во работата и подготовката пред ослободувањето и пост-пеналната грижа
- Непостоењето јасен организациски идентитет и позитивен имиџ во општеството за затворскиот персонал
- Нема обврска за постојана контрола на имотот – пријавувањето е задолжително само за највисокиот менаџмент на почетокот и крајот на мандатот
- Недостигот на координација меѓу наведените партнери и соработници на централно ниво
- Недоволна родова застапеност
- Отсуство на функционален процес на образование на осудени лица

**Можности:**

- Вработувањето и обезбедувањето на човечки капацитети, почетна и континуирана обука, како и дополнителна мотивација може да го подобрат општиот квалитет на затворската служба
- Зголемениот буџет за фискалната година
- Постојната меѓународна соработка и размената на искуства и добри пракси со земјите на ЕУ, Велика Британија и САД
- Воведување решенија за пробација и пост-пенална грижа
- Вклучувањето повеќе осудени лица во специфични програми може да доведе до создавање попозитивно затворско опкружување и подобри можности за ресоцијализација
- Поддршката од Министерството за правда и Владата за тековните промени

- Успешното пилотирање на специјализираните програми за третман упатуваат на нивно редовно спроведување во КПУ и ВПУ
- Во тек е развоен план за изградба на нови затворски објекти и реновирање постојни затвори во стратегискиот период
- Воведување на обуки за вработените во КПУ/ВПУ за идентификување на раните знаци на радикализација

**Ризици:**

- Недостиг на финансиски средства за спроведување на Стратегијата
- Непланираните финансиски импликации причинети од пандемијата Ковид-19
- Отсуство на унапредување на вработените во УИС согласно постојната законска рамка
- Опасноста од ширењето на радикализација во затворите
- Вработување на лица со недоволна безбедносна и психолошка проверка
- Постојаното присуство на забранети предмети во КПУ (мобилни телефони, дрога, алкохол, пари)
- Отсуство на напредок во справување со корупцијата и лажната солидарност за негативните појави во редовите на персоналот
- Недоволната вклученост од страна на различните институции во остварувањето на законските обврски за подготовката за ослободување и пост-пеналната грижа
- Прогресот во подобрување на затворските услови не се одвива со потребната динамика (особено условите во притвор и здравствениот систем)
- Недостаток на медицински персонал во државата и особено отсуство на мотивација за работа во затворите кај медицинскиот персонал

# ПРЕДУСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

### Соработка со партнери и соработници

Ова Стратегија се спроведува од УИС во соработка со Министерство за правда, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерството за труд и социјални работи, како и следните партнери:

- Министерство за внатрешни работи
- Министерство за локална самоуправа
- Министерство за транспорт и врски
- Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам
- Центар за образование на возрасни
- Агенција за вработување на РСМ
- Европска комисија
- Совет на Европа
- Светска банка
- Амбасади во РСМ
- Граѓански организации
- Други институции и организации

**Човечки ресурси/капитал**

Приказ на вработен персонал по сектори во КПУ и ВПУ  со состојба во декември 2020 година.

| КПУ и ВПУ | Затворска полиција | Сектор за ресоцијализација | | Извршен, управен и финансиски сектор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Инструктори | Воспитувачи | | |
| КПУ Идризово | 218 | 4 | 28 | 27 | 277 |
| КПД Штип | 94 | 2 | 5 | 8 | 109 |
| КПД Прилеп | 49 | 4 | 6 | 8 | 67 |
| КПД од отворен вид Струга | 12 | 1 | 2 | 5 | 20 |
| Затвор Скопје | 119 | 2 | 3 | 17 | 141 |
| Затвор Тетово | 28 | 1 | 2 | 6 | 37 |
| Затвор Битола | 25 | 8 | 1 | 11 | 45 |
| Затвор Струмица | 19 | 3 | 3 | 7 | 32 |
| Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка | 75 | 2 | 5 | 16 | 98 |
| Затвор Гевгелија | 20 | 0 | 2 | 6 | 28 |
| Затвор Охрид | 23 | 0 | 2 | 6 | 31 |
| ВПД Тетово | 24 | 6 | 6 | 13 | 49 |
| **Вкупно** | **706** | **33** | **65** | **130** | **934** |

**Финансиски импликации**

Преглед на обезбеден и реализиран буџет по години за пенитенцијарниот систем.

| Година | Буџет (МКД) по години | Измена и дополнување на буџет – ребаланс (МКД) | Реализиран буџет (МКД) |
|---|---|---|---|
| 2018 | 981 126 000 | 848 541 000 | 733 862 612 |
| 2019 | 1 030 455 000 | 968 455 000 | 752 297 329 |
| 2020 | 1 180 900 000 | 1 053 648 000 | |

**Предвидени и потребни финансиски средства за реализирање на Националната Стратегија**

Согласно пресметката за реализација на Националната Стратегија во наредниот период (2021-2025) потребно е да се обезбедат неопходни финансиски средства во буџетот за овие намери заради навремено и успешно реализирање на предвидените активности.

Преглед на потребни буџетски средства за реализација за Националната Стратегија за периодот 2021-2025

| Опис по категории | Потребни финансиски средства по години | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
| Плати и надоместоци | 13. 995. 460 | 27.469.176 | 24.255.408 | 24.123.216 | 24.064.464 |
| Стоки и услуги | 7. 663. 500 | 7. 209. 000 | 7. 209. 000 | 7.209. 000 | 7. 209. 000 |
| Капитални расходи | 221.982.207 | 494. 273. 158 | 669.648.164 | 600.678.559 | 599.142.104 |

**Потреба од нови вработувања во пенитенцијарниот систем во РСМ**

| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УИС | 5 | 4 | 2 | 2 | 2 | 15 |
| КПУ и ВПУ | 16 | 31 | 31 | 31 | 31 | 140 |
| Министерство за здравство | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| **ВКУПНО** | **21** | **40** | **32** | **33** | **33** | **160** |

# СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО СТРАТЕГИЈАТА

За да се постигне успешно, објективно и доследно спроведување на Акцискиот план, потребен е соодветен мониторинг за периодот 2021-2025 г. Во овој правец, потребно е да се обезбеди мониторинг и евалуација, преку работна група на ниво на Влада на РСМ, вклучувајќи претставници од УИС, КПУ и ВПУ и надлежните министерства. Показателите врз кои ќе се изврши оценувањето треба да се базирани на практични информации (на пр. број на дисциплински предмети, број на обиди за самоубиство и самоповредување, број на вработени лица кои имале почетна обука по вработувањето итн.). Оваа задача ќе се исполни преку развивање на план за мониторинг и евалуација, односно документ кој помага да се следат и проценат резултатите од Акцискиот план.

Следењето и оценката на акциониот план може успешно да се оствари доколку Владата на РСМ формира интер-ресорска група со којашто ќе раководи УИС (во соработка со МП), а во која ќе има претставници од Министерство за образование, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, пробациски службеници, претставници на граѓански организации и Народниот правобранител. Интер-ресорската група своите согледувања и предлози формулирани како конкретни мерки да ги предлага до Владата на РСМ со цел преземање активности кои ќе овозможат остварување на визијата на оваа Стратегија.

При следењето, податоците ќе ја претстават и родовата застапеност.

| СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ | |
|---|---|
| **Стратешка цел 1** | **Подобрување на материјалните услови во пенитенцијарните установи** |
| **Стратешка цел 2** | **Зајакнување на капацитетите на раководството и надзор над пенитенцијарниот систем** |
| **Стратешка цел 3** | **Зајакнување на професионалноста на затворската управа преку структурирана и напредна обука** |
| **Стратешка цел 4** | **Обезбедување безбедна средина за осудените лица и персоналот во КПУ и ВПУ** |
| **Стратешка цел 5** | **Зајакнување на процесот на ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, вклучително и на пост-пеналната грижа** |
| **Стратешка цел 6** | **Подобрување на третманот и грижата за деца кои издржуваат мерка упатување во ВПД** |
| **Стратешка цел 7** | **Подобрување на корпоративниот интегритет, јакнење на механизмите за справување со случаите на корупција** |
| **Стратешка цел 8** | **Зајакнување на обезбедувањето на здравствената заштита на осудените лица, вклучително и заштита на менталното здравје** |
| **Стратешка цел 9** | **Зајакнување на образовните структури и структурите за обука врз основа на индивидуалните потреби** |
| **Стратешка цел 10** | **Адресирање на радикализацијата која води кон насилен екстремизам во затворите** |
| **Стратешка цел 11** | **Пробација** |
| **Стратешка цел 12** | **Воведување ефикасни внатрешни и надворешни структури за комуникација насочени кон поддршка на ресоцијализацијата** |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1

## Подобрување на материјалните услови во пенитенцијарните установи

| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1**<br>**Зголемени сместувачки и просторни капацитети и подобрени услови за престој и работа во казнено-поправните установи (КПУ) и воспитно-поправните установи (ВПУ)** | **Временска рамка** | **Одговорни / вклучени институции** | **Потребни средства** | **Извори на средства** | **Показатели** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1. Да се продолжи со спроведувањето на „Проектот за реконструкција на КПУ“ за реконструирање, реновирање, изградба и опремување на КПД Идризово (втора фаза) | До 2025 год. | УИС | 2.273.224.193,00 МКД | Буџет на РСМ и средства од Банката за развој при Советот на Европа | Завршено реконструирање, реновирање, изградба и опремување |
| 1.1.2. Изградба на објекти во КПД Прилеп и КПД Штип | До 2025 год. | УИС | 200. 000. 000,00 МКД | Буџет на РСМ/ други извори на финансирање, грантови или донации | Завршена изградба |
| 1.1.3. Обнова, реновирање и изградба на објекти во КПУ | Континуирано | УИС | 8. 000. 000,00 МКД на годишно ниво | Буџет на РСМ, приходи од само-финансирани активности на КПУ, други извори на финансирање, грантови или донации | Завршена обнова, реновирање и изградба |
| 1.1.4. Подобрување на постојните и изградба на здравствени капацитети | Континуирано | УИС | 1. 000. 000,00 МКД на годишно ниво | Буџет на РСМ, приходи од само-финансирани активности на КПУ, други извори на финансирање, грантови или донации | Подобрени постоечки и изградба на здравствени капацитети |

| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2**<br>**Ефикасно искористување на постојните капацитети на КПУ и ВПУ** | **Временска рамка** | **Одговорни / вклучени институции** | **Потребни средства** | **Извори на средства** | **Показатели** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.1. Подготовка на годишна програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на КПУ и ВПУ | Континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | 1. 000. 000,00 МКД на годишно ниво и финансиски средства од Стратешка цел 1.1 | Буџет на РСМ, приходи од само-финансирани активности на КПУ, средства од Банката за развој при Советот на Европа /други извори на финансирање, грантови или донации | Изготвена годишна програма |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.2. Подготовка на Годишен план за одржување на постојните објектите во рамките на секоја КПУ и ВПУ | Континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | 4. 000. 000,00 МКД на годишно ниво | Буџет на РСМ, приходи од само-финансирани активности на КПУ други извори на финансирање, грантови или донации | Изготвени и имплементирани годишните планови во КПУ и ВПУ |

| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.3** **Телекомуникации/ контакт со надворешниот свет** | **Временска рамка** | **Одговорни / вклучени институции** | **Потребни средства** | **Извори на средства** | **Показатели** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.3.1. Да се обезбеди сигурен телекомуникациски систем во секоја установа | Континуирано | УИС | 60. 000. 000,00 МКД | Буџет на РСМ/ други извори на финансирање, грантови или донации | – Воведен сигурен телекомуникациски систем<br>– Поставени блокатори за мобилни телефони во КПУ/ВПУ |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2

## Зајакнување на капацитетите на раководството и на затворскиот персонал и надзор над пенитенцијарниот систем

| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1**<br>**Зајакнати капацитети на управата на затворите** | **Временска рамка** | **Одговорни / вклучени институции** | **Потребни средства** | **Извори на средства** | **Показатели** |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.1. Назначување на професионален затворски персонал на раководни позиции, согласно законските одредби | Континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | Во рамки на предвиден буџет | Буџет на РСМ | – Број на назначени директори и заменици директори согласно Законот за извршување санкции<br>– Постигнување на родов баланс  на сите позиции, вклучително и раководните |
| 2.1.2. Континуирана обука на директорите и нивните заменици и обуки по специфични програми | Континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | Комбинирани извори на финансирање (400.000,00 МКД на годишно ниво од Буџетот на РСМ и дополнителни средства од други извори на финансирање) | Буџет на РСМ/други извори на финансирање, грантови или донации | – Постојните програми за обука се воведени во пракса<br>– Број на обучени директори и нивните заменици поделени по категорија: континуирана обука и обуки по специфични програми, вклучувајќи недискриминација, родова застапеност и спречување семејно насилство |

| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.2**<br>**Зајакната надзорна улога на УИС врз работењето на КПУ и ВПУ** | **Временска рамка** | **Одговорни / вклучени институции** | **Потребни средства** | **Извори на средства** | **Показатели** |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.1. Зајакнување на надзорните функции преку формирање на Одделението за вршење на стручен надзор над третманот во КПУ/ВПУ, како и на Одделението за вршење на стручен надзор на безбедноста во КПУ/ВПУ | II квартал 2022 | УИС | Во рамки на секојдневни обврски на персоналот | Буџет на РСМ/други извори на финансирање, грантови или донации | – Формирани одделенија<br>– Процент на воведени стандарди и унифицирани алатки и критериуми за вршење на надзор<br>– Спроведени обуки на службените лица во УИС за примена на алатките<br>– Број на извршени надзори со примена на алатките |
| 2.2.2. Кадровско доекипирање на Одделението за вршење на стручен надзор над третманот во КПУ/ВПУ, како и на Одделението за вршење на стручен надзор на безбедноста во КПУ/ВПУ | Континуирано | УИС | 5.048.808,00 МКД<br>1 раководител на Одделение, 6 лица советник, 2 лица виш соработник, 1 лице соработник и 1 лице помлад соработник | Буџет на РСМ | Екипирани одделенија со почитување на родова застапеност |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.3<br>Обезбедување на потребните човечки ресурси | Временска рамка | Одговорни / вклучени институции | Потребни средства | Извори на средства | Показатели |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.3.1. Ревизија и соодветна измена на систематизацијата во поединечни установи според посебните задачи, со урамнотежен сооднос персонал/ осудени лица | III квартал 2021 | УИС, КПУ, ВПУ | Во рамки на секојдневни обврски на персоналот | Буџет на РСМ/други извори на финансирање, грантови или донации | – Ревидирани систематизации<br>– Постигнат урамнотежен сооднос персонал/ осудени лица |
| 2.3.2. Утврдување на психофизички способности на лицето што заснова работен однос во затворска полиција | Континуирано | УИС, КПУ, ВПУ | 4.960.800,00 МКД<br>10 лица Помлад затворски полицаец на годишно ниво | Буџет на РСМ/други извори на финансирање, грантови или донации | – Изработка на соодветен Правилник<br>– Вработени лица во затворска полиција согласно Правилникот (кај кои е постигнат родов баланс)<br>– Овозможување родова сензитивност и еднаков третман |
| 2.3.3. Предвидлив план за кариера согласно закон | III квартал 2021 | УИС, КПУ, ВПУ | 3. 250. 000,00 МКД | Буџет на РСМ | – Усвоен план за кариера<br>– Унапредување согласно планот за кариера |
| 2.3.4. Родова застапеност на соодветните позиции во затворскиот персонал, политиките и унапредувањето | Континуирано | УИС, КПУ, ВПУ | 1.260.828,00 МКД за 3 лица инструктори на годишно ниво | Буџет на РСМ/ | – Зголемен сооднос на жени во персоналот на сите нивоа во споредба со предвидената бројка, особено раководни позиции |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.4<br>Препораки од тела што вршат надзор врз извршувањето на санкциите | Временска рамка | Одговорни / вклучени институции | Потребни средства | Извори на средства | Показатели |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.4.1 Оценка на спроведувањето на дадените препораки од телата кои што вршат надзор и мониторинг | Континуирано | УИС, Народен правобранител, Судија за извршување санкции, Постојаната анкетна комисија на Собранието | Во рамки на секојдневни обврски на персоналот | Буџет на РСМ/други извори на финансирање, грантови или донации | – Оценувачки извештаи од внатрешни и надворешни механизми<br>– Број на спроведени препораки од УИС што довеле до смена на практиките<br>– Број на мерки и акциски планови кои се усвоени од УИС, со цел подобрување на нивото на кое се спроведуваат препораките |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3

## Зајакнување на професионалноста на затворската управа преку структурирана и напредна обука

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.1 Зајакнување на капацитетот и функционалноста на Одделението за обука | Временска рамка | Одговорни / вклучени институции | Потребни средства | Извори на средства | Показатели |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.1. Зајакнување на функционалноста на Одделението за обука | IV квартал 2021 | УИС | 2. 004. 000,00 МКД<br>1 лице раководител на одделение, 1 лице советник, 1 лице виш соработник, 1 лице соработник | Буџет на РСМ/ други извори на финансирање, грантови или донации | – Кадровска екипираност<br>– Функционален Центар за обука во кој ќе се спроведат сите обуки |
| 3.1.2. Ревидирана стратегија за обука | III и IV квартал 2021 | УИС | Во рамки на секојдневни обврски на персоналот | Буџет на РСМ/ други извори на финансирање, грантови или донации | – Проценка на потребите и капацитетите за обука<br>– Усвоена ревидирана стратегија за обука<br>– Воспоставена база на податоци за обука и обучувачи (достапни и потребни) |
| 3.1.3. Развивање на програма за обука на затворскиот персонал | Континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | 1.500.000,00 МКД на годишно ниво | Буџет на РСМ/ други извори на финансирање, грантови или донации | – Развиена програма за обука врз основа на постојните програми, со акцент на заштита на човековите права при примена на сила, член 3 од ЕКЧП како и недискриминација, родова застапеност и спречување семејно насилство<br>– Спроведени обуки и број на обучен персонал |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4

## Обезбедување безбедна средина за осудените лица и персоналот во КПУ и ВПУ

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.1 Зајакнување на безбедноста на КПУ и ВПУ | Временска рамка | Одговорни / вклучени институции | Потребни средства | Извори на средства | Показатели |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.1. Формирање и подготовка на тимови за постапување во случај на бунт, нарушување на редот и контролата во КПУ и ВПУ, со утврдени СОП и нивна обука | IV квартал 2021 | УИС, КПУ, ВПУ | УИС<br>Совет на Европа | Буџет на РСМ/ други извори на финансирање, грантови или донации | – Усвоена законска рамка и СОП за постапување<br>– Формирани тимови<br>– Обучени членови на тимовите |
| 4.1.2. Зголемување на бројот на припадниците на затворска полиција | Континуирано | УИС, КПУ, ВПУ | Предвидено во точка 2.3.2 | Буџет на РСМ | Број на новвработени лица (со родова застапеност), согласно предвидените места во Актот за систематизација и Годишниот план за вработувања |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.2 Зајакнување на динамичката безбедност | Временска рамка | Одговорни / вклучени институции | Потребни средства | Извори на средства | Показатели |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.1. Обука на затворскиот персонал за динамичка безбедност, особено на новвработените и имплементација на концептот за динамична безбедност според СОП | Континуирано | УИС, КПУ, ВПУ | 354. 500,00МКД на годишно ниво | Буџет на РСМ/ други извори на финансирање, грантови или донации | – Број на обучени од ново-вработените и од постојниот персонал (со родова застапеност)<br>– Број на интеракции со осудените лица кои се регистрирани во Регистарот |
| 4.2.2. Целосна примена на СОП за динамична безбедност во КПУ и ВПУ | IV квартал 2021 | УИС, КПУ, ВПУ | Во рамки на секојдневни обврски на персоналот | Буџет на РСМ/ други извори на финансирање, грантови или донации | Оценета примена на СОП |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.3 Професионализација во делот на примена на сила | Временска рамка | Одговорни / вклучени институции | Потребни средства | Извори на средства | Показатели |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.1. Ревидирање на упатство и СОП за употреба на средства за присилба | II квартал 2021 | УИС, КПУ, ВПУ | Совет на Европа | Совет на Европа | Ревидирано упатство и СОП за употреба на средства за присилба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.2. Почетна и континуирана обука за примена на сила, вклучително и техники за де-ескалација | Континуирано | УИС, КПУ, ВПУ | 354. 500,00 МКД на годишно ниво | Буџет на РСМ/ други извори на финансирање, грантови или донации | Број на обучени од новоeработените и од постојниот персонал (со родова застапеност) |
